РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 08 - 508/5
19.03 2018 год
КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 57 став (4) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија бр. 5/02), член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18) и член 17 став 1 точка 26 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16 и 14/16), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 19.03.2018 година, донесе

# ОДЛУКА
## за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Кривогаштани

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува внатрешната организацијата на Општина Кривогаштани (во натамошниот текст: општината) видот и бројот на организационите единици и нивниот делокруг на работа, начините и формите на раководење, како и графички приказ (органограм) на внатрешната организација на општината.

Член 2

Општинската администрација на Општина Кривогаштани (во натамошниот текст: општинската администрација) ги извршува работите од надлежност на органите на Општината, односно Советот и Градоначалникот на општината.

Општинската администрација:
- ги подготвува актите за Советот и Градоначалникот на општината;
- ги подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;
- врши стручни и административни работи за Советот и Градоначалникот на општината;
- ги води финансиско сметководствените работи на Општината;
- ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно решавање ;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на Општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон;
- ракува со документите на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање во Државниот архив на Република Македонија.

Општинската администрација ги извршува работите од надлежност на органите на Општината во согласност со Уставот и со закон, со Статутот на Општината и со други прописи и општи акти донесени врз основа на закон.

## II. ВИД И БРОЈ НА ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ

Член 3

Врз основа на надлежностите на Општината утврдени со Закон, како и групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, општинската администрација се организира во Одделенија и Територијална противпожарна единица на Општина Кривогаштани.

Одделение се образува заради непосредно извршување на една од следните работи: нормативно-правни, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно-надзорни, информативно-документациони, информативно-комуникациски, стручно-оперативни, материјално-финансиски, инвестициони, информатичко-технолошки, стручно-административни и други работи.

Територијална противпожарна единица на Општина Кривогаштани се образува заради вршење на со закон утврдените работи од областа на заштита од пожари.

Член 4

Општинската администрација на Општина Кривогаштани се организира во Одделенија и Територијална Противпожарна Единица на Општина Кривогаштани и тоа:

- Одделение за правни, општи работи и јавни дејности
- Одделение за финансиски прашања
- Одделение за даноци,такси, надоместоци и други приходи на општината
- Одделение за урбанизам и заштита на животната средина
- Одделение за комунални дејности и локален економски развој
- Територијална противпожарна единица на Општина Кривогаштани.

## III. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ

Член 5

**Одделението за правни, општи работи и јавни дејности**

Одделението за правни, општи работи и јавни дејности ги врши работите што се однесуваат на:

- изготвување на акти за Советот и Градоначалникот;
- подготвување на седниците на Советот и седниците на неговите постојани и повремени комисии;
- вршење на стручни работи за Советот и Градоначалникот;
- следење на усогласеноста на одлуките и другите општи акти на општината со законите и другите прописи и предлагање соодветни активности за нивно усогласување;
- давање мислење на органите на општината во врска со примената на законите и другите прописи;
- подготвување и издавање на Службен гласник на Општина Кривогаштани;
- застапување на општината пред судовите, другите државни органи и правни лица по претходно овластување на Градоначалникот;

- канцелариско и архивско работење и административно техничките работи за потребите на месните заедници;

- вршење на работи од областа на управувањето со човечките ресурси;

- вршење на работи од областа на културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита согласно Законот за локалната самоуправа;

- работи на возниот парк и други технички работи (одржување на хигиената и достава на пошта)

- врши и други работи утврдени во делокругот на надлежности согласно закон и други прописи.

Член 6

**Одделението за финансиски прашања**

Одделението за финансиски прашања ги врши работите што се однесуваат на:

- следење и примена на законските и подзаконските акти од областа на буџетското и материјално-финансиско работење;

- управување, следење и контрола на состојбата и движење на средствата и изворите на средствата на Општината утврдени со буџетот;

- подготвување, извршување и известување за извршувањето на буџетот за Општината ;

- подготвување на стратешки план на Општината;

- измена и дополнување на буџетот и стратешки план на Општината;

- спроведува ex-ante и ex-post финансиска контрола;

- подготовка на финансиски план за одобрување за извршување на буџетот и извршување на буџетот на општината;

- изготувањето на финансиски извештај за извршување на буџетот (месечен, квартален и годишен) за субјекот, органите во состав и единките корисници на субјектот;

- следење на остварувањето на приходите и расходите на субјектот;

- сметководствено и материјално работење, благајничко работење, подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација;

- пресметување на плата на вработените во субјектот;

- други работи од областа на финансикото управување и контрола;

- подготовка на Годишен финансиски извештај, освен извештајот за извршените ревизии и активности на внатрешната ревизија кој го подготвува одделението за внатрешна ревизија, а е составен дел од овој извештај, согласно член 47 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;

- сметководствено евидентирање и подготовка на годишна сметка, благајничко работење;

- примена на законите и подзаконските акти од областа на јавните набавки, спроведување на постапките за јавни набавки, изготвување на план за јавни набавки и негова реализација;

- врши и други работи утврдени во делокругот на надлежности согласно закон и други прописи.

Член 7

**Оддление за даноци, такси, надоместоци и други приходи на општината**

Одделението за даноци , такси, надоместоци и други приходи на општината ги врши работите кои се однесуваат на:

- администрирањето на локалните даноци и комуналните такси;
- изготвува и врши достава на решенија за данок на имот, наследство и подарок, данок на промет и комунални такси до даночните обврзници;
-изготвува и врши достава на опомени за ненавремео плаќање;
- наплата на такси и други давачки согласно законот;
- даночно книговодство;
- врши и други работи утврдени во делокругот на надлежности согласно закон и други прописи

Член 8

**Одделение за урбанизам и заштита на животната средина**

Одделение за урбанизам и заштита на животната средина ги врши работите кои се однесуваат на:

- просторно и урбанистичко планирање – изработка, следење, спроведување на постапка за донесување на урбанистички планови;
- изготвување на програма за изработка на урбанистички планови;
- изготвување и реализација на Програма за уредување на градежно земјиште;
- извршување на работите околу издавање одобрение за градба од надлежност на општината;
- уредување на просторот и уредување на градби;
- спроведување на законите од сферата на животна средина, спроведување на политиките за заштита на животна средина и донесување мерки за заштита и спречување од загадување на животната средина и природа;
- врши и други работи утврдени во делокругот на надлежности согласно закон и други прописи.

Член 9

**Одделение за комунални дејности и локален економски развој**

Одделението за комунални дејности и локален економски развој ги врши работите кои се однесуваат на:

- изградба, одржување, реконструкција и заштита на локални патишта, улици и други инфаструктурни објекти;
- устројувања на евиденција за имињата на улиците со куќни броеви и другите инфраструктурни објекти;
- снабдување со вода за пиење;
- одведнување и третман на атмосферски и отпаднни води;

- одржување на јавното осветлување;
- одржување на јавната чистота;
- спроведување на мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од елементарни непогоди и од други последици;
- одржување и користење на зелени површини;
- општински превоз и авто – такси превоз на патници и сообраќајна сигнализација;
- планирање на локалниот економски развој;
- изготвување на проекти и стратешки документи за развој на општината;
- подршка на развојот на малите и средните претпријатија и претприемништво;
-остварување соработка со меѓународни организации, невладини, хуманитарни и други организации;
- врши и други работи утврдени во делокругот на надлежности согласно закон и други прописи.

Член 10

**Територијалната Противпожарна единица на Општина Кривогаштани**

Територијалната Противпожарна единица на Општина Кривогаштани ги врши следните работи:

- гаснење на пожари на подрачјето на Општината;
- отстранување на непосредна опасност за настанување на пожар;
- спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот, загрозени од пожари и експлозиии;
- укажување техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
- извршување на други работи при несреќи и непогоди;
- врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став;
-заедно со територијалните противпожарни единици на општините во Република Македонија, утврдени со закон, дејствуваат како противпожарни единици на Република Македонија, заради оперативно делување при гаснењето големи пожари на целата територија на Република Македонија;
-давање помош, кога тоа е побарано при гаснење пожари во други општини;
-водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани, според единствена методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување и Општина Кривогаштани;
-периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која рсполага;
-тековна поправка и одржување на механиката;
-давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собирри, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатречни работи;
-едукација на граѓаните за заштита од пожари, преку организирање на предавања, преку медиуми и организирање на други активности.

## IV. НАЧИН И ФОРМА НА РАКОВОДЕЊЕ СО ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ

Член 11

Со општинската администрација раководи Градоначалникот на општината.

Член 12

Со одделенијата раководи раководител на одделение.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи стручен административен службеник со највисоко звање во одделението, кој го определува раководителот на одделението.

Член 13

Со Територијалната противпожарна единица на Општина Кривогаштани раководи командир на Територијална противпожарна единица.

Член 14

Вкупниот број на вработени и распоредот на звања и работни места го утврдува Градоначалникот на општината со Правилникот за систематизацијата на работните места на општинската администрација.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Оваа Одлука може да се измени и дополни на начин и постапка како и при нејзино донесување.

Член 16

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Кривогаштани бр. 08-292/3 од 17.02.2016 год.

Член 17

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кривогаштани" а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

Бр. 08-508/ 5
19.03.2018 год.

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Пеце Ликоски

ПРИЛОГ: ОРГАНОГРАМ


ГРАДОНАЧАЛНИК
СЕКРЕТАР НА ОПШТИНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ, ОПШТИ РАБОТИ И ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДАНОЦИ, ТАКСИ, НАДОМЕСТОЦИ И ДРУГИ ПРИХОДИ НА ОПШТИНАТА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ
ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВ ПОЖАРНА ЕДИНИЦА НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ